Проект: Креирање на овозможувачка средина за финансиска одржливост на ГО

Размисли, испланирај, ДОНИРАЈ!

ДОНИРАЈ ПАМЕТНО



ДОНИРАЊЕ - доброволна и безусловна помош во парични, материјални средства и услуги којашто може да биде дадена за остварување цели од јавен интерес. *Давателите (донаторите) немаат директна корист од донациите, а примателите немаат обврска за враќање на дониранот износ на каков било начин.*

ФИЛАНТРОПИЈА (philoanthropos – „љубов кон човештвото“) – ги означува различните форми на доброволно давање сопствени средства, време и труд од страна на поединец или група, заради унапредување на благосостојбата на луѓето и постигнување општо добро.

БИДЕТЕ И ВИЕ ФИЛАНТРОП!

Донирајте сопствени средства, време и труд за доброто на другите луѓе и заедницата.

Покрај **корист за општеството**, поддршката што ја давате Ви носи корист Вам и на Вашата организација (компанија, институција, здружение и сл.).

Пред сè, донациите и спонзорствата ја унапредуваат Вашата **репутација и имиџ** во општеството. Законот за донации и спонзорства во јавните дејности овозможува и **даночни поттикнувања**.

Ние ќе Ви помогнеме да го остварите тоа.

Кај нас:

- над **2/3** од граѓаните имаат позитивен став кон донирањето
- над **80%** од граѓаните донираат, најчесто во хуманитарни цели, во областа на здравството и за поддршка на лицата со посебни потребни, за младите и децата
- повеќе од **50%** од компаниите донираат во текот на годината
- Компаниите одделиле над **10 и пол милиони ЕВРА** за донации и спонзорства во 2013 година.

Проектот го спроведуваат:

КОНЕКТ

Центар за даночна политика

Проектот е финансиран од Европската Унија

ул. „Владимир Полежиновски“ бр. 19-1/6, 1000 Скопје
тел: (02) 3224 – 198 / е-пошта: konekt@konekt.org.mk / ***www.konekt.org.mk***

КАКО ДО ДАНОЧНИ БЕНЕФИЦИИ?

при донирање

СО ЗАКОН Е ОВОЗМОЖЕНО граѓаните (физичките лица) и компаниите, здруженијата, институциите и друг вид организации (правни лица), да добијат низа **ДАНОЧНИ БЕНЕФИЦИИ** при вршењето донации и спонзорства во области од јавен интерес, како што се: културата, образованието и науката, здравството, спортот, социјалната заштита, заштитата на животната средина, заштитата на човековите права, развојот на граѓанското општество, меѓуетничката и меѓународната соработка, развојот на информатичкото општество и др.

Какви ДАНОЧНИ БЕНЕФИЦИИ можете да добиете?

- **За граѓаните** (физичките лица) коишто донираат, законот предвидува даночни поттикнувања (бенефиции) кај **персоналниот данок** на доход, доколку се работи за парични донации, кај **даноците на имот**, за донации во предмети и материјални добра, како и кај данокот на додадена вредност (ДДВ) при телекомуникациски давања и влезници за добротворни настани.
- **За компаниите** (правните лица) коишто донираат, законот предвидува даночни поттикнувања кај **данокот на добивка** и **данокот на додадена вредност**, за донации во материјални средства и услуги, како и кај **даноците за имот** доколку се работи за донации во предмети и во материјални добра.

Дополнително, она што се набавува од донирани средства е ослободено од ДДВ.

ВАЖНО! Даночни бенефиции можете да добиете само доколку им донирате на правни лица.

Кои ДОКУМЕНТИ Ви се потребни доколку сакате да ги искористите даночните бенефиции?

- **ДОГОВОР** меѓу донаторот и корисникот (*Договор не е потребен кога примател на донацијата или спонзорството е граѓанско здружение или фондација којашто има статус на организација од јавен интерес);
- **РЕШЕНИЕ** за потврдување на јавниот интерес што го издава Министерството за правда;
- **ПОТВРДА** за примена донација од вашиот примател на донацијата;
- **ИЗВЕШТАЈ** за дадена и примена донација.

ВАЖНО! Законската процедура и документи не Ви се потребни доколку одлучите да донирате, а притоа не сакате да ги користите даночните бенефиции.

Посетете ја web страницата на проектот „Донирај паметно“ на **WWW.DONIRAJPAMETNO.MK** каде ќе ги добиете сите неопходни **дополнителни информации** и **формулари** за начинот и постапката на добивање на даночните бенефиции (поттикнувања) што Ви следуваат при донирање или спонзорирање на проекти и активности од јавен интерес. Или дојдете во канцеларијата на **КОНЕКТ** на ул. „Владимир Полежиновски “, бр.19-1/6 во Скопје, секој работен ден од 09 до 17 часот. Информирајте се или закажете состанок на тел. (02) 3224198

*Овој леток е подготвен со поддршка од **Европската Унија**. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружение Конект и авторите на содржините и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на **Европската Унија**.*